# 330. МАРИЈА ПЛАТНО БЕЛЕШЕ




Марија платно белеше,
на дервенските извори,
еј, еј, Македонијо
и дробни солзи ронеше,
еј, еј, Македонијо,
либето си го жалеше.

Либето во Битола,
во тие темни зандани,
еј, еј, Македонијо,
во тие ланци на раце,
еј, еј, Македонијо,
и тешки прангии на нозе.

Сонцето јасно греeше,
платното се белеше,
еј, еј, Македонијо,
а Марија го цепеше,
еј, еј, Македонијо,
на три лакти делеше.

На три лакти го делеше,
за Пирина го праќаше,
еј, еј, Македонијо,
на Гоце Делчев војвода,
еј, еј, Македонијо,
и на негова дружина.

Раните да се превијат,
болките да си на мирата,
еј, еј, Македонијо,
малиќери да нарамат,
еј, еј, Македонијо,
робови да ослободат.

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995